РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-374/2

18-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-2274/1 од 26.06.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-2274 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2274/1 од 26.06.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи со кои од формално правен и материјално суштински аспект подносителот побива акти на градоначалникот на Општина Желино за негово разрешување од функцијата директор на ///, Општина Желино. Се истакнува дека градоначалникот на Општина Желино не постапувал по напатствијата дадени во второстепените одлуки на надлежната Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации, документација и надлежно постапување од Државен управен инспекторат, на што доследно беше постапено и доставено се' што беше побарано.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно факти и докази, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, па по оценка на секој одделен доказ како и на сите докази во целина и извршената единечна и вкрстена анализа на сите познати факти утврди дека во конкретниот случај управната работа била окончана со мериторна одлука донесена од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Согласно горе наведеното, ДКСК утврди дека по наводите од пријавата на подносителот, постапил друг надлежен орган, заради што ДКСК нема основ да покренува било какво дејствие од нејзина законска надлежност, по што оцени дека постапувањето по пријавата треба да се запре и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk